Бр./Nr 12-1045/4
16-06-2025 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 19-тата седница одржана на 02.06.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2892/1 од 08.11.2024 година, оформен по доставена пријава од непознат подносител во врска со спроведена постапка за јавна набавка на услуги за осигурување на имот од АД ---------- Скопје, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2892/1 од 08.11.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, по електронска пошта, на ден 08.11.2024 година, поднесена е пријава против директорот на АД ---------, во која се посочува на неправилности при спроведувањето на постапката за јавна набавка на услуги за осигурување на ------, број на оглас -----/2024, објавен на --.--.2024 година по што е оформен предмет број 12-2892/1 од 08.11.2024 година.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по пријавените наводи, ДКСК побара од Бирото за јавни набавки да овозможи електронски пристап до целокупната документација за спроведената постапка по јавна набавка со број --------/2024, кој беше обезбеден во законски утврдениот рок, а беше побарано и Комисијата за заштита на конкуренцијата да постапи согласно своите законски

надлежности и да утврди дали во конкретниот случај, преку условите предвидени во тендерската документација, била ограничена конкуренцијата.

Од увид во обезбедената документација ДКСК констатира:
По објавениот оглас за набавка на услуги за осигурување на ----- била доставена 1 (една) понуда и тоа од економскиот оператор ----------. Вредноста на понудената цена изнесувала -.---.---,00 денари.

Согласно тендерската документација, утврден е критериум за доделување на договор за јавна набавка, да биде економски најповолната понуда односно понудата со најниска цена.
Во конкретната постапка има само една доставена понуда, поради што, -----------, во својство на договорен орган, по доставениот Извештај за спроведена постапка број -------/6 од --.--.2024 година од страна на Комисијата за предметната набавка, донесена е Одлука за избор на најповолна понуда во отворена постапка со бр.--------/7 од --.--.2024 година, по што понудата на единствениот понудувач - ----------, била избрана за најповолна.
По ова, на ден --.--.2024 година бил склучен Договор бр.------/1 - Рамковна спогодба со еден економски оператор за јавна набавка на услуги --------, за период од 05.11.2024 до 05.11.2025, по спроведена Отворена постапка со оглас бр.-------/2024, и тоа за:
Дел-1 Имотно осигурување-градежни објекти,
Дел-2 Каско осигурување и
Дел-3 Осигурување-------- и кај --------- по склучена рамковна спогодба и спроведена отворена постапка.

Дополнително извршивме увид во јавно достапни информации на Електронскиот систем за јавни набавки и утврдивме дека пред објавувањето на предметната постапка за јавна набавка со број -----/2024, од страна на ---------- биле објавени и спроведени уште три (3) постапки за јавна набавка на услуги за осигурување на имот, оглас број -----/2024; -----/2024 и -----/2024, кои постапки биле поништени. Причината за поништувањето е дека не била поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда.

Извршивме анализа на тендерската документација на сите претходно поништени огласи, а имајќи ја предвид постапката за која е поднесена пријавата до ДКСК, со број -----/2024 и за која бил склучен гореспоменатиот договор, се констатира дека сите поништени постапки биле објавени со исти предвидени

услови кои економските оператори било потребно да ги исполнат, со единствена разлика што постапката со број -----/2024 е објавена како делива и за која постоела можност да биде склучен поединечен договор со различни носители на набавката, за секој посебен дел.

ДКСК изврши увид во јавно достапни информации на Електронскиот систем за јавни набавки и утврди дека против донесената одлука не е поднесена жалба.

Комисијата за заштита на конкуренцијата постапувајќи по доставеното барање, согласно законските надлежности, да утврди дали преку предвидените услови во тендерската документација била ограничена конкуренцијата, на седницата одржана на ден 03.04.2025 година донесе Мислење дека преку условите во постапката за јавна набавка на услуги за осигурување на имот, објавена со оглас број -----/2024 од 04.11.2024 година, не се врши ограничување на конкуренцијата на пазарот.

По ова, а имајќи предвид дека подностелот на пријавата не посочува на конкретна злоупотреба во пријавената постапка, ДКСК констатира дека во случајот со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на закон и одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

Заменик претседател
м-р Билјана Каракашова Шулев

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., Член на ДКСК